Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Седумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 август 2022 година

Скопје, август 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 17 август 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:50 часот.

Со седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата учествуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Снежана Нацаковска, државен советник во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Славица Грковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-решение за формирање на Комисија за спроведување на постапките за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија, вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија и вршител на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија.

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапките за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија, вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија и вршител на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија, во предложениот текст.

**Точка 2**

По однос на оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

1. Владата заклучи Заклучокот под реден број еден, Точка 293 (Прашања и предлози) донесен на Шеесет и шестата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јули 2022 година, кој гласи: „Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за здравство, почнувајќи од 15.8.2022 година, при доставување на барањата за согласност за преземање на медицински персонал од приватни здравствени установи во јавните здравствени установи до Министерството за финансии, согласно Законот за буџети, задолжително да доставуваат известувања дека претходно се реализирани два јавни огласи во последните 12 месеци на кои немало пријавено медицински лица, за работните места за кои се бараат наведените преземања.“ да се измени и да гласи: „Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за здравство, почнувајќи од 1.9.2022 година, при доставување на барањата за согласност за преземање на медицински персонал од приватни здравствени установи во јавните здравствени установи до Министерството за финансии, согласно Законот за буџети, задолжително да доставуваат известувања дека претходно се реализирани два јавни огласи во последните 12 месеци на кои немало пријавено медицински лица, за работните места за кои се бараат наведените преземања.

2. По повод укажувањето на м-р Беким Сали, министер за здравство, дека според податоците од Управата за хидрометеоролошки работи, во следните два дена, 18 и 19 август 2022 година (четврток и петок), територијата на цела држава ќе биде зафатена од високи температури – портокалова фаза, Владата ги донесе следните препораки:

1) Ослободување од работните обврски на најранливите групи население, како што се бремените жени и лицата на возраст над 60 години.

2) Во установите за згрижување на децата (градинки) да не се практикува физичка активност и да не ги изнесуваат децата на отворено во период од 11 до 17 часот.

3) Единиците на локалната самоуправа, Црвениот крст и центрите за социјални работи во регионите зафатени со топлотниот бран да пружаат помош на осамени, стари, изнемоштени лица и бездомници.

4) Со оглед на фактот дека одредени ризични производни и технолошки процеси може да претставуваат дополнителен ризик по здравјето на изложените работници, се потсетуваат работодавците на обврската за почитување на законските прописи од оваа област.

5) Со цел заштита од директна сончева изложеност на работниците потребно е соодветно организирање на работното време со избегнување престој на отворено во период од 11 до 17 часот.

Согласно овие препораки, Владата ги донесе следните заклучоци:

1) Државните органи и јавните претпријатија и установи, да ги почитуваат препораките.

2) Се препорачува на приватниот сектор да го организира работното време со цел заштита од директна сончева изложеност на работниците и избегнување престој на отворено во периодот од 11 до 17 часот.

3) Оваа мерка да биде со времетраење од два дена, до натамошно одлучување.

4) Работно време во градинките да се организира во периодот од 7 до 17 часот, при што да не се практикуваат физички активности и да не се изнесуваат децата на отворено по 11 часот.

5) Сите правни субјекти кои вршат активности на отворено да ги запрат активностите во периодот од 11 до 17 часот. Ова особено се однесува на градежните работници.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:55 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**